# ДОГОВОР

За обезбедување пристап и користење анонимизирани микроподатоци за истражувачки цели во безбедната соба

Склучен во Скопје, на ден ___________ помеѓу:

1. Државниот завод за статистика, со седиште на улица „Даме Груев“ бр. 4, Скопје, претставуван од директорот _________________________________ (во натамошниот текст: имател на податоците)
2. Назив и адреса на корисникот (во натамошниот текст: корисник на податоците).

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ АНОНИМИЗИРАНИ МИКРОПОДАТОЦИ ЗА ИСТРАЖУВАЧКИ ЦЕЛИ

Член 1

Со овој Договор се уредуваат начинот и условите за пристап до анонимизирани микроподатоци од статистичкото истражување (СИ) ______________________________ во надлежност на имателот на податоците, кои може да бидат користени само за научноистражувачки цели од страна на корисникот на податоците.

Предмет на овој Договор е обезбедување и користење на расположливите статистички податоци од НАЗИВ НА СИ И РЕФЕРЕНТНА ГОДИНА во просториите на Државниот завод за статистика во безбедната соба.

Овој Договор ги дефинира принципите на пристапот до горенаведените бази на податоци, формата и начинот на кој ќе бидат доставени, користени и заштитени тие, како и цената на услугата од овој Договор.

Член 2

Имателот на податоците на корисникот на податоците ќе му овозможи пристап до анонимизирани микроподатоци од НАЗИВ НА СИ И РЕФЕРЕНТНА ГОДИНА.

Микроподатоците до кои има пристап корисникот ќе бидат користени за изработка на студија/проект (НАЗИВ НА ПРОЕКТОТ) во надлежност на (да се наведе имателот на проектот).

Микроподатоците ќе бидат обезбедени преку специјални анонимизирани бази на податоци, во форма што ќе му овозможи на корисникот на податоците да изврши сопствени дополнителни анализи, а притоа да биде спречена директна или индиректна идентификација на личните податоци.

ПРИМЕРОК

Имателот на податоците гарантира дека податоците се точни и не е одговорен за која било грешка или пропуст во сетот на податоци што ги користи корисникот. Имателот на податоците нема да биде одговорен за кој било ефект што понудениот материјал може да го има врз софтверот на корисникот на податоците.

Корисникот на податоците е согласен податоците што ќе ги добие од имателот, врз основа на овој Договор, да бидат користени исклучиво за целите на проектот наведен во член 2.

Микроподатоците ќе му бидат обезбедени на корисникот во ...-формат (да се наведе назив на софтверот) во траење од ..... работни денови во периодот..............................

Овој договор стапува во сила со денот на потпишувањето, а престанува да важи на (се наведува денот кога завршува правото на користење податоци во безбедната соба).

Какво било продолжување на пристапот до микроподатоци треба да биде направено со посебно барање пред истекот на рокот на проектот наведен во барањето за пристап до микроподатоци. Не може да се бара надомест во случај на неодобрување на продолжувањето на пристапот до микроподатоци.

## III. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ

Член 4

Имателот на податоците се обврзува да обезбеди:

1. Пристап до микроподатоците во безбедната просторија во согласност со овој Договор, како и со работните принципи за користење на безбедната соба.

2. Заедно со датотеката со микроподатоци, на корисникот да му обезбеди и дополнителни информации за поддршка на неговата анализа: детален опис на метаподатоците (или ЕСМС-извештаи) и методологии, номенклатури, класификации што се користени за обезбедување на бараните податоци, како и да му ја посочи соодветната публикација.

3. Проверка на усогласеноста со барањата за заштита на обезбедените микроподатоци.

4. Увид и проверка на изработената анализа со користење микроподатоци. Проверката ќе се врши со користење познати методи за статистичка анализа.

5. Прекин на пристапот до податоците на корисникот по завршување или раскинување на Договорот.

ПРИМЕРОК

Член 5

Корисникот на податоците се обврзува дека:

1. Ќе ги преземе потребните административни, технички и организациски мерки за да обезбеди почитување на одредбите за заштита на податоците во согласност со Законот за заштитата на личните податоци и Законот за државната статистика;
2. Добиените податоци од имателот на податоците ќе ги користат и тој и експертите ангажирани од негова страна, односно само лицата наведени во барањето за пристап до микроподатоци, исклучиво за потребите на проектот дефинирани во член 1, став 2 и во согласност со условите од Договорот;
3. Ќе ги подготви резултатите од неговата анализа во формат што може да биде користен од страна на имателот на податоци за проверка дека се почитувани правилата за заштита на доверливоста на податоците;
4. Ќе обезбеди резултатите од истражувачката работа, што се објавени или дистрибуирани на било кој начин, не содржат информации кои овозможуваат идентификација на индивидуалните податоци.
5. Ќе му овозможи на имателот на податоците контрола врз пристапот до податоците во текот на работата.
6. Ќе му овозможи на имателот на податоците увид во научноистражувачката работа пред нејзиното објавување за да се направи контрола дека се почитувани правилата за заштита на податоците;
7. При користење на податоците, задолжително ќе го наведе Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија како извор на податоците. Исто така, треба да наведе дека Државниот завод за статистика не е одговорен за анализите и резултатите од истражувачката работа;
8. Во безбедната соба нема да користи уреди (како што се надворешни дискови, УСБ, вкрстување податоци и мобилни телефони) со кои ќе се овозможи копирање на податоците;
9. Ќе му достави примерок од изготвената анализа на Државниот завод за статистика по нејзинотото објавување.
10. Сите експерти корисници на микроподатоци ќе потпишат изјава за доверливост.
11. Ќе му плати надомест за користената услуга на Државниот завод за статистика.

VI. ЦЕНА НА УСЛУГАТА

Член 6

Цената на услугата изнесува ИЗНОС ВО денари (без банкарски трошоци).

Плаќањето ќе се изврши во рок од 8 дена од денот на доставување на фактурата.

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

ПРИМЕРОК

Член 7

За сѐ што не е регулирано со овој Договор ќе се применуваат одредбите од позитивните законски прописи.

Евентуалните спорови по овој Договор ќе се разрешуваат спогодбено.

Член 8

Измени и дополнувања на овој Договор ќе се вршат со анекс кон Договорот.

Член 9

Овој Договор е подготвен во четири еднакви примероци, од кои по два примерока се наоѓаат кај секоја договорна страна.

| | |
|---|---|
| За имателот на податоците | За корисникот на податоците |
| Директор, | Име и презиме |
| ______________________________ | ______________________________ |

ПРИМЕРОК